| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Новогодишни радости |
| **Содржина на денот** | Разговор за подготовките за пречек на Нова Година, дома и во градинка |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Виолета Гакеска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема како треба правилно да се мијат рацете за да бидат чисти. |
| **Активност** | Заедно со детето прочитајте ја стихотворбата:<br>Дедо Мраз<br>Пак ни иде Дедо Мраз<br>со брадата бела,<br>носи радост за децата<br>од градови и села.<br><br>Носи и подароци,<br>а и нешто слатко,<br>само ми е криво,<br>што е кај нас кратко.<br>Разговарајте со Вашето дете за празниците што ни се во пресрет. Воочувајте ги и забележувајте ги украсните детали во просторијата каде престојувате и размислувајте како и со што би ги збогатиле деновите за пречекот на Нова Година (слика 1) и (слика 2).<br>Сечете со детето конфети од колаж,во разни бои (слика 3). Можете да играте со ликовен материјал:оставање на отисок со зелено гранче (од елка),на лист од блок,со зелена темперна боја (слика 4). |